КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

www.caft.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@caft.org.mk
Facebook: all.for.fair.trials
Twitter: @All4FairTrialsM

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

# ЈАВНА РЕАКЦИЈА ЗА НОМИНАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ НА УО НА АКАДЕМИЈАТА ОД СТРАНА НА СУДСКИ СОВЕТ И СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Согласно членот 9 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, во Управниот одбор на Академијата, двајца члена се назначуваат од страна на Судскиот совет од редот на судиите, како и двајца членови кои се назначуваат од редот на јавните обвинители од страна на Советот на јавните обвинители. На последните седници на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, одржани на 24.10.2024 и 29.10.2024 година се изврши назначување на членови во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Назначувањето беше извршено на посебно загрижувачки начин, бидејќи обата Совета, наместо да назначат судии и јавни обвинители, назначија членови на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители.

Дополнително, назначувањето на членови на Управниот одбор на Академијата беше извршено на седница на Советот на јавните обвинители која траеше вкупно 11 минути, додека пак Судскиот совет назначувањето го изврши под точката „разно" од дневниот ред. Покрај тоа, битно е да се напомене и дека пред точката „разно" имаше две точки на кои беше исклучена јавноста, па така дискусијата и одлучувањето под точката „разно" отсуствуваат и од јавно објавената снимка од седницата на Судскиот совет.

Покрај ова, ваквите одлуки, на типичен начин беа донесени со отсуство на јасни аргументи и образложенија, а што е уште позагрижувачко и отсуство на каков било претходен процес за изразување на интерес на судии и јавни обвинители, прибирање на податоци, програми за работа, јавно презентирање на кандидатите за членови на Управниот одбор итн.

Ваквото постапување на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители е исклучително загрижувачко, најнапред поради тоа што претставува сериозен ризик од корупција и судир на интереси. Од овој аспект, битно е да се напомене дека членот 44 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси забранува избрано или именувано лице истовремено да врши функција на член на орган на управување во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал. Оттаму, мора да се напомене дека членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се избрани и именувани лица, па така истите не можат да вршат функција во органи на управување како што е Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. За ова правно прашање, Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси, повикувајќи се на овој член од Законот, во 2022 година има дадено упатство за постапување во кое е наведено дека постои судир на интерес токму во ваквите ситуации кога членовите на Судскиот или Советот на јавните обвинители извршуваат и други јавни функции.

Друг аспект на судирот на интереси кој се јавува во оваа ситуација е тоа што Управниот одбор на Академијата има надлежност да одлучува по жалба, односно приговор на кандидатите на одлуките на Приемната и Завршната комисија во Академијата кои ги изготвуваат конечните ранг листи на слушатели и на кандидати за судии и јавни обвинители. Со други зборови, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители ќе можат да одлучуваат за истите кандидати во секој од поставените филтри- прием на Академијата, завршување на почетната обука на Академијата, а потоа и за конечен избор на кандидатите како судии или јавни обвинители. Па така, се поставува прашањето дали членовите на Советите како дел од Управниот одбор на Академијата може да одлучуваат по приговорите на кандидатите, а истовремено да одлучуваат и во рамки на Советите за избор на тие кандидати за судии или јавни обвинители, без тоа да претставува судир на интерес и акумулација на одлучувачка моќ?

Ваквиот начин на постапување од страна на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители е апсолутно неприфатлив доколку се има предвид членот 14 од Законот за Академијата за судии и јавни

обвинители кој предвидува дека член на Управниот одбор на Академијата се разрешува од функцијата доколку постапи спротивно на прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, потоа сериозноста на ова исклучително важно прашање, како ниската доверба на граѓаните во правосудниот сектор, која што со ваквите одлуки уште повеќе се намалува, како и веќе дадените препораки и од домашната и меѓународната јавност за неопходно транспарентно и отчетно образлагање на одлуките на телата и органите од судството.

За крај, не помалку важно е и тоа што ваквиот начин на постапување од страна на обата Совети е спротивен и со дадените препораки од страна на Оценската мисија на ЕУ, во кои што меѓу другото се истакнува значењето на принципот на транспарентно и отчетно работење, согласно кој е неопходно членовите на Судскиот совет да даваат образложение на своите одлуки. Дополнително, препораките на Оценската мисија се однесуваат и на поголема вклученост на засегнатите страни во донесувањето на важни одлуки, па така дадени се препораки и за јавно објавување на кандидатурите и програмите за работа на кандидатите за членови на Судскиот совет, јавни интервјуа итн. Ваквите препораки не треба да се толкуваат рестриктивно, дека се однесуваат само на Судскиот совет и само во поглед на избор и унапредување на судии, бидејќи се дадени во тој контекст, туку треба да бидат прифатени како минимални стандарди во работата на органите од судството. Во спротивно сме сведоци на ситуација каде членовите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители можат да постапуваат со добра волја и свест само доколку постои изречна законска обврска и запретена последица за непридржување до одредбите, а со тоа воедно сме сведоци и на јасно демонстрирање дека истите немаат соодветен интегритет и капацитет да ги извршуваат нивните исклучително важни функции.